**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

01.10.00.УП.001.05-ОБ.05.05

Врз основа на член 142 став 6 и член 162 став 1 од Законот за јавни набавки набавки („Сл. весник на РМ" број 27/15, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16, 165/17 и 83/18) и членовите 49 став 2 и 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ" број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), директорот на Царинската управа донесе

# ОДЛУКА

## за избор на најповолна понуда

Врз основа на Извештајот број 05-008781/18-0019 од 13.02.2019 година, доставен од Комисијата за јавни набавки по спроведена отворена постапка со оглас број 30/2018 за доделување на договор за јавна **"Набавка на масло за греење"** како најповолен понудувач се избира:

- ДПТУ Пуцко Петрол увоз-извоз ДООЕЛ, с. Пласница

Правата и обврските меѓу набавувачот и понудувачот во врска со предметната јавна набавка ќе се уредат со посебен договор, склучен согласно член 208 од Законот за јавни набавки.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на член 28 од Законот за јавни набавки, директорот на Царинската управа донесе Одлука за јавна набавка број 05-008781/18-0006 од 30.11.2018 година за јавна **"Набавка на масло за греење"**.

Потребните средства за оваа намена во вкупен износ од 27.000.000,00 денари вклучувајќи ги и трошоците за даноци и други јавни давачки, кои се планирани и обезбедени со буџетот на Царинската управа за 2019 и 2020 година на следниов начин:

- средства во износ од 13.500.000,00 денари се обезбедени со буџетот на Царинската управа за 2019 година, на раздел 09003, сметка 637 и/или 631 и/или 787, програма 20, ставка 421 и
- средства во износ од 13.500.000,00 денари ќе бидат планирани и обезбедени со буџетот на Царинската управа за 2020 година, раздел 09003, сметка 637 и/или 631 и/или 787, програма 20, ставка 421.

Набавката се спроведе со отворена постапка, со користење на електронски средства преку ЕСЈН и со примена на електронска аукција како последна фаза од постапката, согласно член 22, член 100 и член 121 од Законот за јавни набавки.

По целосна проверка на документацијата, а согласно утврдените критериуми за избор на најповолен понудувач, Комисијата за јавни набавки изготви и до

Директорот достави Извештај од спроведена постапка број 05-008781/18-0019 од 13.02.2019 година, со кој предлага како најповолен понудувач по предметната постапка да се избере понудувачот ДПТУ Пуцко Петрол увоз-извоз ДООЕЛ, с. Пласница (ЕМБС 5312566), со поднесената понуда преку ЕСЈН.

Имајќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот, а особено предлогот на Комисијата за јавни набавки, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Упатство за правно средство:
Согласно член 216 од Законот за јавни набавки, незадоволниот економскиот оператор во постапката за доделување на договор за јавна набавка може да поднесе жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки во рок од 8 (осум) дена од денот на прием на известувањето за избор. Жалбата истовремено се доставува и до договорниот орган.

Директор
м-р Гоко Танасоски

Бр. 05-008781/18-0021
Скопје, 14-02-2019

Доставено во оригинал до:
- Претседателот на комисијата за јавни набавки,
- Архива и
- Предмет

Доставено преку ЕДМС до:
- Претседател, членови и заменици членови на комисија и
- Одделение за јавни набавки

Изработил: Билјана Ристовска

Одобрил: Мирјана Станоева

Согласен: Зоран Петковски